# ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР И ЕФИКАСНО СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ

Управата за извршување на санкциите во соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје во периодот од 9 до 14 февруари 2015 година во Хотел Арка, Скопје спроведе обука на обучувачи за планирање на казната и ефикасно справување со конфликти во затворски услови.



Обучувачите се стекнаа со вештини за обучување на затворски персонал за два модули: планирање на казната и ефикасно справување со конфликти во затворски услови.

Спроведувањето на натамошни обуки од страна на обучувачите ќе им биде олеснето со два Прирачници за тренери за секој модул пооделно: Прирачник за тренери за обука за планирање на казна, со

програма за дванаесет сесии и Прирачник за тренери за обука за спречување и управување со конфликти, со програма за десет сесии.

Овие активности се дел од ИПА Проектот 2009 насловен како "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".